РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
Бр. 44-3735/1
12.03 2026 год.

Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), а во врска со член 33 став (2) точки 3 и 4 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 15/08, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 90/20, 169/20, 265/24 и 132/25) и член 51 став (1) точки 3 и 4 од Законот за установите ("Сл. весник на Република Македонија" бр.32/05, 120/05, 51/11 и 99/22), министерот за култура и туризам го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за предвремено разрешување на директор на Националната установа Гостиварски театар - Гостивар

1. **Сулејман Рушити,** избран за директор на Националната установа Гостиварски театар - Гостивар со Решение на министерот за култура бр.44-12762/1 од 16.12.2022 година **се разрешува од должноста директор на Националната установа Гостиварски театар - Гостивар.**

2. Директорот на Националната установа Гостиварски театар – Гостивар Сулејман Рушити **се разрешува пред истек на мандатот за којшто е избран, согласно член 33 став (2) точки 3 и 4 од Законот за културата и согласно член 51 став (1) точки 3 и 4 од Законот за установите**.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Министерството за култура, согласно Законот за културата, на ден 17.11.2022 година во дневните весници „Слободен печат", „Коха" и „Вечер" распиша јавен оглас за избор на директор на Националната установа Гостиварски театар - Гостивар.

Министерот за култура, одлучувајќи по пристигнатите пријави за директор на НУ Гостиварски театар - Гостивар, во тој период утврдил дека лицето Сулејман Рушити ги исполнувал општите и посебните услови утврдени со огласот, а согласно доставената Програма за работа и развој на установата поседувал стручни и други квалитети за директор, заради што со Решение бр.44-12762/1 од 16.12.2022 година е избрана за директор на НУ Гостиварски театар - Гостивар.

Министерството за култура и туризам по службена должност изврши увид во јавно објавената Пресуда на Основниот суд Гостивар РО-187/25 од 16.12.2025

година на Судскиот портал на Република Северна Македонија и при тоа констатира дека првостепената пресуда станала правосилна на ден 22.01.2026 година и извршна на ден 30.01.2026 година поради неподнесување на редовен правен лек – Жалба предвиден согласно одредбите на Законот за парничната постапка од страна на тужениот орган Република Северна Македонија Национална установа Гостиварски театар – Гостивар претставувана преку одговорното раководно лице директор на Националната установа Сулеман Рушити.

Со ваквото неправилно и несовесно постапување од страна на раководното лице директор на Националната установа Гостиварски театар - Гостивар, сторена е потешка повреда на своите работни и законски обврски на одговорно лице на Националната установа предвидени во закон и статут и претставува негово лично работење кое е спротивно на законот.

Со ваквото неправилно постапување, одговорното лице директно овозможило првостепената Пресуда на Основниот суд Гостивар РО-187/25 од 16.12.2025 година да не биде испитана од страна на повисокиот апелационен суд во целост дали е донесена во постапка согласно закон, со што истата станала правосилна и извршна, предизвикувајќи дополнителни судски трошоци кои паднале на товар на Националната установа Гостиварски театар – Гостивар.

Несовесното и неправилно постапување на раководното лице директор на Националната установа Гостиварски театар – Гостивар, продолжило и во уште четири судски постапки кои биле покренати од страна на вработени лица од установата, и во кои судски постапки раководното лице не постапило согласно одредбите на Законот за парничната постапка и не поднел редовен правен лек – Жалба согласно што Пресудата РО. бр.184/25 од 18.12.2025 година, Пресудата РО.бр.183/25 од 18.12.2025 година Пресудата РО.бр.186/25 вод 18.12.2025 година и пресудата РО бр.189/25 од 18.12.2025 година, сите донесени од Основниот суд Гостивар станале правосилни.

Согласно член 33 став (2) точки 3 и 4 од Законот за културата, директор на национална установа може да биде разрешен и пред истек на мандатот за којшто е избран ако по негова вина е нанесена штета на установата и ако не работи во согласност со закон и статут и во други случаи предвидени со закон.

Согласно член 51 став (2) точка 3 од Законот за установите, директорот може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил избран, ако не работи и постапува според закон, статут и актите на установата.

Согласно член 51 став (2) точка 4 од Законот за установите, директорот може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил избран ако со својата несовесна и неправилна работа и предизвика на установата значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во извршувањето на дејноста на установата.

Врз основа на сето напред наведено, а согласно горенаведената фактичка состојба, министерот за култура и туризам оцени и одлучи дека со ваквото несовесно и незаконско постапување на Сулејман Рушити, како одговорно лице директор на Националната установа Госиварски театар – Гостивар, и непостапување согласно одредбите од Законот за парничната постапка, исполнети

се законските основи од Законот за културата и Законот за установите за предвремено разрешување на директорот на НУ Гостиварски театар - Гостивар пред истек на мандатот за којшто е избран за директор, поради што одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**

**Зоран Љутков**

Изработил:м-р Бранко Костовски, Раководител на сектор